Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia



# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# RAPORTI VJETOR
# ANNUAL REPORT

# 2020

КАДЕ Е ПОТРЕБНО
ATY KU DUHET
WHERE IS NEEDED
години vjet years
1945–2020

# КОРИСТЕНИ КРАТЕНКИ

Црвен крст на Република Северна Македонија - **Црвен крст на РСМ**
Република Северна Македонија - **РСМ**
Општинска Организација на Црвен крст – **ООЦК**
Црвен крст на град Скопје – **ЦКГСkopje**
Прва Помош - **ПП**
Психолошка Прва Помош - **ППП**
Психо-Социјална Поддршка - **ПСП**
Министерство за здравство - **МЗ**
Министерство за образование - **МО**
Министерство за труд и социјална политика - **МТСП**
Центар за управување со кризи - **ЦУК**
Дирекција за заштита и спасување - **ДЗС**
Меѓународна Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина – **Меѓународна Федерација на ЦК/ЦП**
Меѓународен Комитет на Црвен крст - **МКЦК**
Институт за трансфузиона медицина - **ИТМ**
Агенција за вработување на Република Северна Македонија - **АВРСМ**

# ДИЈАМАНТСКИ ЈУБИЛЕЈ
## – 75 години од формирањето на Црвениот крст на РСМ

*Годинава гордо го одбележуваме dies natalis, 75-годишниот роденден на Црвениот крст на РСМ, 75-години во служба на хуманоста. Горди сме што отсекогаш нашата организација претставуваше искра на надеж за илјадници граѓани кои имаа потреба од помош и поддршка за време на вонредни состојби, катастрофи, епидемии, миграции, бегалски кризи, или сервисни услуги за надминување на социјални и здравствени предизвици. Но исто така ни причинува задоволство што многу граѓани на Република Северна Македонија Црвениот крст го препознаваат како место за нови пријателства, за учење и споделување знаења, за волонтирање, за членување, за посветување на дел од својот живот на хуманоста.*

*Посебно не радува фактот што низ годините, Црвениот крст е секогаш привлечен за младите кои се заинтересирани да учат и да ги споделуваат хуманитарните вредности и принципи, да помагаат и да се надградуваат за потоа да прераснат во општествено одговорни личности кои даваат посебен придонес во локалните заедници во кои живеат. Со нас се секако и повозрасните кои секогаш се подготвени да ги споделат своите искуства и знаења и да покажат дека во секоја доба од човечкиот живот има место и време за хуманост и солидарност и подадена рака на луѓето на кои таа им е потребна.*

*Несомнено, нашиот успех се должи на постојаната поддршка и заложби и напорна работа на нашите волонтери и вработени но исто така и на партнерите и донаторите кои ги препознаваат вредносттите на Црвениот крст на РСМ. Голема благодарност за сите нив. За нивната желба и доверба да чекориме заедно, да работиме заедно, да придонесуваме, да помагаме, да намалиме нечие страдање, да донесеме некоја насмевка. Во изминатиот период Црвениот крст на РСМ прерасна во организација која постојано се надградува и осовременува и претставува важен сегмент во системот за кризен менаџмент во државата, давајќи скромен придонес, во соработка со своите партнери, во справување со најразлични итни состојби, и обезбедување поддршка за различни целни групи на погодено население.*

*Оваа година бевме исправени пред исклучително голем предизвик, пандемијата со КОВИД-19, која за жал сеуште одзема човечки животи ширум светот. Црвениот крст ја адаптираше својата работа и своите програми согласно со ново настанатата состојба во државата. Работевме неуморно, заедно со нашите партнери и институциите во обид да дадеме скромен придонес во ублажување на состојбите предизвикани од пандемијата. Нашите волонтери беа на граничните премини, со лицата во изолација, делеа помош и медикаменти, обезбедуваа психолошка поддршка. Нашите активности беа делумно изменети и адаптирани согласно со состојбите предизвикани од пандемијата. Но целите ни останаа исти. Продолжуваме да мобилизираме поддршка за справување со последиците и предизвиците од пандемијата.*

*Годината ја заокружуваме со позитивни резултати во сите наши програмски дејности. Благодарност до нашите волонтери, нашите партнери и корисниците кои беа опфатени со нашите сервиси и услуги. Остануваме посветени да работиме согласно со основните принципи на Движењето на Црвен крст и Црвена полумесечина. На тоа наше патување не чекаат нови предизвици, нови задачи, и обврската да бидеме уште подобри во услови на климатски промени, катастрофи, социјални и здравствени предизвици но и желбата за постојан развој за да бидеме подготвени да излеземе во пресрет на барањата и потребите на нашите корисници. На страниците на нашиот Годишен Извештај 2020 зборуваме за нашите остварувања и резултати, кои не задолжуваат да продолжиме да работиме уште понапорно, по патот на хуманоста, да бидеме иновативни и подготвени за нови предизвици кои ќе произлезат во периодот пред нас.*

д-р Саит Саити
*генерален секретар*

проф.др. Ромел Велев
*претседател*



# ЗА НАС

Црвениот крст на РСМ е формиран на 17 март 1945 година во рамките на Демократска Федеративна Југославија. По распаѓањето на Југославија од 1992 година организацијата дејствува како независно национално друштво. Црвениот крст на Република Македонија е признат како национално друштво на Црвен крст од Меѓународниот Комитет на Црвен крст на 01.11.1995 год., додека на 27 ноември 1995 година станува полноправен член на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Дел сме од најголемата светска хуманитарна мрежа, Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина, кое има над 17 милиони волонтери во 192 земји. На тој начин Движењето е во можност да мобилизира финансиска, материјална и човечка поддршка за да одговори на хуманитарните кризи кои се случуваат во светот. Не водат седум основни принципи: хуманост, непристрасност, неутралност, независност, доброволна служба, единство и универзалност. Во нашата работа тие не обврзуваат нашата грижа и поддршка за луѓето да ни биде поважна од се друго. Работата на Националното друштво е уредена со посебен Закон за Црвениот крст на Република Македонија. Организацијата ја сочинуваат 33 ООЦК и ЦКГ Скопје. Програмите се имплементираат со поддршка на 10.500 членови и 7.500 активни волонтери и 393 вработени лица.

Нашата улога пред се, како национално друштво е да ја негуваме моќта на хуманоста, да бидеме онаму каде што е потребно, да обезбедуваме поддршка за најразлични целни групи на население кои ги опслужуваме. Вршиме помошна улога и обезбедуваме поддршка на државните органи во спроведување на различни хуманитарни задачи, согласно потребите на населението. Во соработка со институциите и партнерите работиме на превенција на болести, подобрувањето на здравјето и ублажувањето на човечкото страдање преку сопствени програми на полето на образование, здравствена и социјална грижа, за доброто на заедниците.

Организираме итни операции за обезбедување на хуманитарна помош, а даваме и други услуги за помагање на жртвите на вооружени судири, согласно со Женевските Конвенции. Обезбедуваме помош на жртвите од природни катастрофи и други вонредни ситуации. Работиме на дисеминација на меѓународното хуманитарно право, и ги споделуваме и промовираме принципите и идеалите на Движењето и работиме на подигање на свеста за заштита на амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина. На меѓународен план, во рамките на можностите обезбедуваме помош за жртвите на вооружените судири и природни катастрофи и другите вонредни состојби ширум светот.

# РАКОВОДЕЊЕ ВО УСЛОВИ НА КРИЗНА СОСТОЈБА

Во време на голема несигурност во која бевме соочени со сложени кризни состојби кои се појавуваа на ненадејни и непредвидливи начини, раководството на Црвениот крст на РСМ имаше несомнено важна улога во создавањето на предуслови кои обезбедуваа ефикасен одговор на предизвиците и истовремено овозможија промовирање на претприемништво, иновации и агилност. Способноста на управата и стручната служба да ги предвидат предизвиците, и да нудат нови решенија, брзо да експериментираат, да бараат и склучат нови сојузи и партнерства, брзо да учат и да се прилагодат на новите состојби беше од суштинско значење за обезбедување на ефикасен одговор на овие предизвиците во 2020 година.

Кризната состојба честопати наложуваше донесувањето храбри одлуки со цел да се обезбеди усогласеност и примена на нови пристапи, што секако треба да се анализираат во однос на нивната примена на долгорочен план. Преку нашите сервиси и услуги се обидевме да го внесеме претприемачкиот дух и да се трансформираме на сите нивоа на организациската поставеност за да бидеме во чекор со новото време. Се трудевме во нашата организација да поттикнеме иновативност и лидерство обидувајќи се да ја избегнеме бирократската поставеност што честопати е доминантна во хуманитарниот сектор. Нашите искуства и колективно знаење и способноста брзо да учиме и да се прилагодуваме беа од суштинско значење да ги предвидиме трендо-

вите и предизвиците што постојано се менуваа со цел да бидеме подготвени да ги искористиме сите можности да останеме брзо-растечка организација секогаш одговорна и транспарентна во своето работење во интерес на целните категории на население кои ги опслужуваме.

# ФИНАНСИРАЊЕ ВО УСЛОВИ НА КРИЗНА СОСТОЈБА

Како резултат на глобалната рецесија и економските последици од КОВИД-19 организацијата беше соочена со голем предизвик да се обезбедат средства за хуманитарниот одговор на Црвениот крст на РСМ за справување со последиците од пандемијата. Способноста да се најдат нови и иновативни начини за мобилизирање на алтернативни извори на финансирање беше исклучително важно за Црвениот крст на РСМ да излезе во пресрет на потребите на корисниците на услуги во услови на пандемија. Работевме со нашите традиционални партнери но и со нови чинители и градевме нови модели на соработка, кои овозможуваат поголеми можности во однос на обемот на активности и делокругот на работа со цел да може да се справиме со многу комплексни ранливости на поединците во заедницата, како што се егзистенцијални прашања, здравствени, социјални и активности за подобрување на менталното здравје и многу друго.

# ПОМОШНА УЛОГА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ НА РСМ

Согласно со Женевските Конвенции и Законот за Црвен крст на РСМ, нашата организација врши помошна улога на властите во државата во неколку клучни области, како што се подготвеност и дејствување при катастрофи, воспоставување семејни врски како и обезбедување на поддршка и помош за здравствена и социјална грижа за ранливи категории на население при кризни состојби. Несомнено, ново-настанатата состојба како резултат на пандемијата со КОВИД-19 резултираше со зголемена ранливост на населението како резултат на социјалните и здравствени предизвици на населението. Нашата работа преку здравствената и социјалната програма секако беа голем предизвик за нашата организација но исто така ни овозможија да ја зајакнеме нашата помошна улога пред институциите во државата. Имавме добри резултати и на полето на адвокативноста и застапувањето на потребите и приоритетите на нашите корисници преку мобилизирање на нови извори на финансирање за да помогнеме во решавање на дел од приоритетните потреби на ранливи целни групи. Бевме проактивни и во области каде досега не сме биле. Имавме улоги што претходно сме ги немале. Воведовме нови сервиси кои дополнително ќе го зајакнат местото и улогата на Црвениот крст во државата. Покрај помошната улога ја промовиравме и граѓанската улога. Да бидеме секогаш поблиску до нашите граѓани, да ги постигнеме најдобрите резултати за ранливите луѓе.

# ДИГИТАЛНА ТРАНСФОРМАЦИЈА

Црвен крст на РСМ направи импресивен исчекор во прилагодувањето на новата работна реалност која наложуваше виртуелна координација и управување со активностите како и виртуелно обезбедување на некои од своите услуги. Користевме различни платформи, и дигитални системи за ангажирање и обука на волонтери, и дигитално и виртуелно координирање на некои од нашите активности. Далечинското работење стана норма заедно со обезбедувањето поддршка и справување со предизвиците со кои се соочуваа луѓето. Сведоци бевме на брзо адаптирање на ново настанатата состојба во целото Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина. Учествувавме и организиравме виртуелни работилници, вебинари конференции и работни средби. Дигиталната трансформација беше широко прифатена, учејќи нè што е можно виртуелно да се постигне, но и

## Посебна благодарност на нашите партнери за обезбедената поддршка за програмите на Црвен крст на РСМ во 2020 година

Меѓународна Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународен Комитет на Црвен крст, Австриска Агенција за развој, Австриски Црвен крст, Швајцарски Црвен крст, Италијански Црвен крст, Германски Црвен крст, Турска Црвена полумесечина, УНХЦР, УНДП, УНФПА, ИОМ, УСАИД, Светска Банка, B&S Development, ИОМ, Група 484, Црквата на Исус Христос и светците на подецнежните дни.

МТСП, МЗ, Генерален Секретаријат на Влада, АВРСМ, Комерцијална Банка, ЕВН, Телеком, Стопанска Банка, А1, КАМ Маркети.



**Хуманитарна дипломатија** – работиме со одговорните чинители во државата и лидери во сферата на јавното мислење да постапуваат во интерес на ранливото население и почитување на основните хуманитарни принципи.

што е она што сепак мора да го направиме во директен контакт со нашите корисници на услуги. За нас секако ова ќе остане предизвик да продолжиме да го развиваме овој систем на работа во годините пред нас и да се погрижиме придобивките од дигиталната трансформација да бидат инкорпорирани во секојдневната работа дури и кога работите ќе се вратат во нормална состојба.

***Се наоѓаме на крстопат помеѓу технологијата и иднината на хуманоста. Се менува начинот на размислување, нашите погледи на светот, искуствата и нашиот придонес за подобро утре. Ако сакаме да бидеме подобри луѓе, треба да се грижиме подобро за нашата планета. Да бидеме глас на хуманоста. Да работиме заедно, за иднина каде хуманоста ќе биде нашиот најтраен технолошки тренд.***

## ДОВЕРБА И КОМУНИКАЦИИ

Бевме сведоци на време кога беше важно да се обезбедат јасни, доследни и сигурни здравствени информации кои беа од клучно значење за обезбедување сигурна и ефективна комуникација со населението. Црвениот крст на РСМ инвестираше големи напори во навремено комуницирање и пренесување на пораки кои придонесоа за заштита и превенција на населението од КОВИД-19. Тоа го правевме преку нашите традиционални форми на директна комуникација со корисниците но и преку инкорпорирање на софистицирани форми на комуницирање преку социјалните и дигитални медиуми. Сведоци бевме на значително зголемување на комуникациите и ангажирање преку социјалните медиуми на националното друштво.

Но, за да се верува на нашите пораки, треба да му се верува и на оној што ги пренесува пораките. Придонесот и ангажманот на Црвениот крст на РСМ во изминатата година ни даваат за право да веруваме дека нашата репутација во локалните заедници е уште поголема. Довербата во нас, ни овозможува да бидеме уште поефикасни.

Посебно сме горди што во годините зад нас успеавме да прераснеме во успешна организација која е дел од севкупниот систем за кризен менаџмент на државата. Продолжуваме онаму каде застанавме, да бидеме во центарот на вниманието на оние на кои им е потребна нашата поддршка.

## СПОДЕЛУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ СО НАШИТЕ ПАРТНЕРИ, КОРИСНИЦИ, ПОДДРЖУВАЧИ И ЈАВНОСТА

Неделните изданија на електронскиот весник на Црвениот крст се успешна алатка за информирање на нашите волонтери, партнери, соработници за активностите кои ги реализираме на локално, национално и меѓународно ниво. Во 2020 година беа подготвени 108 броеви на Е - весникот Инфо со вкупно објавени 809 текстови. Весникот се дистрибуираше до 83.161 е-маил адреси.

Традиционалните недели дефинирани во Законот за Црвен крст, како и голем број на проектни активности и стратешки документи во рамките на издавачката дејност на националното друштво и оваа година редовно беа надополнувани со брошури, флаери, постери, прирачници, доплатни марки и друг вид на изданија. Носејќи ги во себе хуманитарните пораки, се постигнаа значителни резултати кај целните групи, а воедно и позитивно се влијаеше на подигањето на имиџот на националното друштво. Сите изданија се подготвени на македонски и на албански јазик, а дел од нив и на англиски и јазик.

Преку 50 соопштенија за печат, конференции и јавни настапи на електронските медиуми, средствата за јавно информирање беа дел од активностите на Црвен крст на РСМ.

# РАЗВОЈНИ АКТИВНОСТИ И НАДГРАДБА НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО

Тежнеевме кон одржливи промени во заедниците преку обезбедување на релевантни сервиси и услуги. За таа цел постојано работевме на зајакнување на капацитети на нашите општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје преку спроведување на разни активности за да се развијат во силни и одговорни организации. Во 2020 година започнавме проценка на работата на ООЦК/ЦКГС, со цел да дојдеме до релевантни согледувања како може да го зајакнеме влијанието на интегралните делови на нашата организација со цел да го испорачуваат потребниот квалитет на услуги и запазување на стандарди во работата базирано на потребите на целните категории на корисници на услуги. Овој процес беше делумно прекинат како резултат со случувањата со пандемијата но продолжуваме да работиме на овој план преку прилагодување на форматот и методологијата за спроведување.

Во 2020 година преку Фондот за развој на националното друштво обезбедена е проектна поддршка за општинските организации на Црвен крст Пробиштип, Кочани, Крушево, Чаир, Кисела Вода и Скопје. Овие проекти овозможија активности за структурен развој, зајакнување на материјално техничките капацитети и развивање на нови форми и/или сервиси за поддршка на ранливите целни групи. Посебен акцент беше ставен и на развој на капацитетите на ООЦК за планирање и подготовка на проектни иницијативи. Вкупно се оспособени 30 стручни соработници за подготовка на проектни апликации за различни донатори. Поддршка е обезбедена и во форма на менторство за проектно работење и имплементирање на проекти, со одржани 20 состаноци за различни проектни иницијативи на ООЦК.

Годинава беа одржани три средби со секретарите на ООЦК и ЦКГ Скопје со цел да се обезбедат координативни насоки за делување на националното друштво на сите нивоа, пред се во однос на усогласување на активностите со нормативната рамка, делување во услови на пандемија и обезбедување сеопфатна и навремена поддршка за корисниците на услуги на локално ниво. Во текот на годината се одржаа вкупно 5 седници на Раководен одбор и една седница на Собранието на Црвен крст на РСМ. Влијанието на пандемијата во текот на годината се одрази на дејствувањето на основните организации, што доведе Собранието да донесе одлука за одложување на редовните избори предвидени за 2021 година за период не подолг од 12 месеци односно до моментот на создавање на услови за нивно спроведување.

# ДИСЕМИНИРАЊЕ НА ВРЕДНОСТИТЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ И ЦРВЕНА ПОЛУМЕСЕЧИНА

*Дисеминациските активности како основа на промоција на хуманитарното делување на националното друштво се одвиваа преку користење на дигиталните технологии и алатки на сите организациски нивоа со цел да се споделат вредностите и идеалите на Движењето во секојдневието на граѓаните со цел да се мобилизира хуманитарна поддршка за најранливите категории на население и да се мобилизираат нови човечки потенцијали во организацијата, да се промовира работата на Црвениот крст и да се истакнат адвокативните напори на организацијата пред одговорните чинители во државата.*



# ПАРТНЕРСКА СОРАБОТКА ВО ДВИЖЕЊЕТО

Во текот на годината остварени се повеќе онлајн средби со партнерски национални друштва за меѓусебна поддршка, соработка и размена на искуства. Црвен крст на РСМ беше посетен од страна на делегација на Австриски Црвен крст и делегација на Меѓународниот комитет на Црвен крст во рамки на имплементација на партнерски програми и проекти. Годината ја одбележаа и низа онлајн средби, работилници и вебинари на различни теми од интерес организирани од Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина, и националните друштва на Црвен крст на Италија, Швајцарија, Бугарија, Хрватска, Србија, Црна Гора, Албанија и Турската полумесечина.



Со поддршка на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина, Меѓународниот Комитет на Црвен крст и партнерските национални друштва обезбедена е хуманитарна помош за најранливите семејства погодени од пандемијата во форма на пакети со храна, пакети со хигиена и сетови за заштита (заштитни маски, заштитни ракавици и гелови за дезинфекција на раце). Меѓународната Федерација даде придонес и дополнително капацитетите на националното друштво се зајакнати и преку елаборат за воспоставување на центар за Психолошка прва помош и психосоцијална поддршка, подготовка на електронски апликации за мобилизирање на фондови, прва помош и менаџирање со волонтери, развиен концепт за брзо мобилизирање на волонтери во случај на катастрофи и спроведена кампања за промоција на хигиена.

# НАША ПОДДРШКА ЗА ОДГОВОР НА ХУМАНИТАРНИТЕ КРИЗИ ВО СОСЕДСТВОТО И ВО МЕЃУНАРОДНИ РАМКИ

**Хуманитарна помош за Албанија.** Црвен крст на РСМ обезбеди хуманитарна помош за настраданото население од земјотресот кој ја погоди Република Албанија на 26.11.2019 година. Вкупно се собрани 313.009 евра, и средствата се префрлени на Албански Црвен крст за обезбедување поддршка за настраданото население. Црвениот крст на РСМ исто така обезбеди и материјална помош за Албанскиот Црвен крст во вредност од 20.500 евра која се состоеше од облека, чизми, кабаници, зимски сетови на облека, ќебиња и хигиенски препарати.

| МАТЕРИЈАЛНА ПОМОШ | Количина | Вредност во евра |
|---|---|---|
| Облека | 3 палети | 1800 |
| Зимски чизми | 1 палета | 4620 |
| Кабаници | 1 палета | 6000 |
| Зимска облека (шал, капа, ракавици) | 1 палета | 2500 |
| Зимски сет на облека за деца | 1 палета | 1350 |
| Хигиенски препарати (средство за чистење, шампон, влажни марамчиња, средство за садови) | 3 палети | 2408 |
| Ќебиња | 2 палети | 1800 |
| | ВКУПНО | 20.478,00 |

**Хуманитарна помош за Либан.** Хуманитарна помош во висина од 500 евра испратена за Либанскиот Црвен крст за ублажување на последиците и пружање помош и поддршка на настраданото население во експлозиите на пристаништето во Бејрут на 04.08.2020 година.

# НАШИТЕ ВОЛОНТЕРИ

**Солидарност.** Придонесот на волонтерите значеше значителен исчекор на заедниците да помогнат во справувањето со корона вирусот. Како и секаде во светот така и во С. Македонија интересот на волонтерите да помогнат беше голем.

Црвениот крст на РСМ брзо ја прилагоди својата работа и програми за да мобилизира значителен број на мотивирани волонтери кои помагаа во дистрибуција на пакети со храна, помош при тестирање или обезбедуваа психо-социјална поддршка, што значително помогна во ублажување на социјалните и здравствени предизвици и излегување во пресрет на потребите на високо ранливите заедници. Солидарноста беше изразена на многу начини. Учествувавме во разни онлајн работилници, тинк-тенкови и технички групи, споделувавме, учевме и воспоставувавме нови соработки.

Волонтерството и волонтерската служба, како основачки принцип и движечко јадро на моделот и етосот на организацијата, ни ја претставува директната и најблиска врска со заедниците ширум светот и ни овозможува социјално, развојно и хуманитарно дејствување во обем кој не е на друг начин можен. Волонтерите беа суштински елемент на одговорот на националното друштво во справувањето со последиците од пандемијата.

*„Како одговор на невидената хуманитарна потреба, сведоци бевме на подеднакво невидена хуманост и љубезност“*

Франческо Рока, претседател на Меѓународната Федерација на друштвата на Црвен крст и Црвена полумесечина.

Уште од првиот ден од појавата на пандемијата, нашите волонтери беа “онаму каде е потребно”. Телефоните ѕвонеа, пораките на нашата интернет страна пристигнуваа. Огромен број на граѓани на нашата земја беа подготвени да ја облечат униформата на Црвениот крст и да помогнат во справувањето со пандемијата.

Волонтерите беа на граничните премини и помагаа во анкетирањето на граѓаните кои пристигнуваа во Република Северна Македонија. Волонтерите секојдневно дистрибуираа помош до најзагрозеното население. Тие им помагаа на луѓето во изолација и ги снабдуваа со неопходните намирници. Беа покрај телефоните. Купуваа лекови за болните. Им помагаа на постарите лица кои не можеа да ги напуштат своите домови. Волонтерите ни помагаа да ја мобилизираме моќта на хуманоста. Да ја покажеме силата на нашето



Движење кое ни овозможува да стигнеме онаму каде што е потребно. Сами можевме да направиме малку, но заедно со нашите волонтери направиме многу.

Волонтерите беа движечка сила и во спроведувањето на сите наши други програми.

*Членовите и волонтерите на Црвениот крст ни овозможуваат да бидеме поблиску до нашите заедници. Тие имаат знаења, компетенции и подаруваат средства и време за луѓето на кои им е потребна поддршка*

*“Кога ја облеков маичката на Црвен крст, срцето ми стана поголемо, умот и душата пошироки. Едноставно секогаш поубаво се чувствувам однатре со самото тоа што помагам други луѓе”.*

Волонтер на Црвен крст на РСМ

## Одбележување на 5 декември - Светски Ден на волонтерство

*Црвениот крст на РСМ го одбележа Светскиот Ден на волонтерството на 4-ти декември, под мотото “За сите наши волонтери”, со организирање на онлајн вебинар на кој акцентот беше ставен на придонесот на волонтерите во одговорот на пандемијата со КОВИД-19. На настанот учество со јавување и презентирање на видео содржини имаа повеќе ООЦК на РСМ и ЦКГ Скопје. Пригодно обраќање на настанот имаше Претседателот на Црвен крст на РСМ, проф.д-р. Ромел Велев, кој зборуваше за значењето на волонтерството во општествени рамки и придонесот на волонтерите на Црвениот крст во одговорот на пандемијата. Обраќање имаше и Претседателот на Република Северна Македонија, г-дин Стево Пендаровски кој оддаде посебна благодарност*




*на волонтерите на Црвениот крст за севкупниот придонес во справување со пандемијата со КОВИД-19. Претседателот Пендаровски го додели признанието “За сите наши волонтери”, на сите волонтери на Црвениот крст на РСМ за нивниот придонес во надминување на последиците од пандемијата со КОВИД-19.*

# ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РСМ, Г.ДИН СТЕВО ПЕНДАРОВСКИ ВО ПОСЕТА НА ЦРВЕНИОТ КРСТ

На 11 април, 2020 година Претседателот на Република Северна Македонија го посети Црвениот крст на РСМ, при што беше запознат со активностите на Црвениот крст во одговор на пандемијата со КОВИД-19. Претседателот Пендаровски ја истакна важноста и придонесот на илјадниците волонтери на Црвениот крст во одговорот на пандемијата. Тој посочи дека особено е важна волјата и желба на волонтерите доброволно да даваат услуги и солидарно да им помагаат на ранливите граѓани.

*„Огромна благодарност за сите напори коишто досега ги имате вложено во оваа криза. Јас би ве замолил, бидејќи Вам ви е потешко од сите други граѓани да продолжите со својот ангажман бидејќи давате извонреден пример за сите нас, како треба да се поставиме кога на сите ни е тешко. Вие сте светол пример“, им порача на тимовите на Црвениот крст Претседателот на РСМ, г.дин Стево Пендаровски.*



# ДЕЛУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНОТО ДРУШТВО ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈА СО КОВИД-19

КОВИД-19 пандемијата, позната и како коронавирусна пандемија, започна кон крајот на 2019 година и е предизвикана од тежок акутен респираторен синдром коронавирус 2 (SARS-CoV-2). Во јануари 2020 година Светската Здравствена Организација прогласи јавна здравствена итна состојба во меѓународни рамки а во март 2020 година беше прогласена пандемија. Заклучно со 22 декември 2020 година, повеќе од 77,3 милиони луѓе се заразени од вирусот, со повеќе од 1,7 милиони смртни случаи во светот кои се припишани на КОВИД-19 што директно влијаеше на животот на милиони луѓе ширум светот. Пандемијата ги засегна сите земји во светот и секој човек е изложен на ризик, но пандемијата дополнително ја влоши ранливоста („криза врз криза“) на луѓето кои веќе беа изложени на ризик, било да е заради вооружен судир, насилство, катастрофа, миграција, здравствена состојба, ограничен пристап до здравствена заштита, социо-економска положба и др. Покрај непосредните здравствени влијанија на пандемијата, кризата ќе има долготрајни последици по најранливото население, а истовремено ќе создаде и нови ранливости.

Компонентите на Движењето брзо се прилагодија на новата реалност предизвикана од пандемијата, прилагодувајќи ги своите програми и зајакнувајќи го својот одговор на кризата, со цел да се излезе во пресрет на новите потреби и предизвици за спречување на ширењето на пандемијата. На глобално и локално ниво, компонентите на Движењето ја зајакнаа меѓусебната соработка, како и соработката со државите и државните институции, агенциите на Обединетите нации и другите организации со цел да се обезбеди комплементарен одговор на пандемијата. Националните друштва на Црвениот крст и Црвената полумесечина се присутни во сите контексти и, како помошници на своите влади на хуманитарно поле, се во првите редови во битката против КОВИД-19. Тие се составен дел од националните напори за одговор на пандемијата.

Во повеќето контексти, националните друштва го проширија опсегот на својата работа, како поддршка на националните активности во сферата на јавното здравство, фокусирајќи се на мерки за контрола на епидемијата, комуникација при кризна состојба, ангажман во заедницата, промоција на здравјето и хигиената, превенција и контрола на инфекции, ментални, здравствени и психосоцијални услуги за поддршка, поддршка при изолација и помош на клинички случаи, услуги за транспорт на болни, обезбедување на пристап до здравствени услуги и др.



# Справување со предизвикот наречен КОВИД-19

Црвениот крст на РСМ во соработка и со поддршка на своите партнери започнувајќи од 12 март 2020 година континуирано обезбедуваше поддршка за ранливото население и за државните институции за справување со КОВИД-19 пандемијата. Активностите се реализираа преку мобилни тимови на волонтери и вработени за поддршка на ранливи категории граѓани како и обезбедување на неопходни материјали и донации за Клиниката за инфективни болести во Скопје, карантински центри, Армијата на РСМ и други институции.

Уште од почетокот на пандемијата мобилните тимови на Црвен крст помагаа во спроведување на епидемиолошки анкети за поддршка на Центрите за јавно здравје на граничните премини во државата. Волонтерите на Црвениот крст обезбедуваа бесплатна услуга за набавка и дистрибуција на храна, хигиена, лекови и др. Континуирано беа дистрибуирани хуманитарни пакети со храна и хигиена, бебешки пакети, облека и обувки, заштитни маски, ракавици, скафандери и останати заштитни материјали, дезинфекциски средства од донации и сопствени резерви за социјално загрозени и ранливи групи. Во Црвениот крст беа отворени телефонски линии за психосоцијална поддршка. Обезбедувавме неопходна помош и преку тимовите на Црвен крст за поддршка на стари лица. Посебен акцент во справување со последиците од пандемијата ставивме и на обезбедување поддршка за бездомници кои ги помагавме со храна, медикаменти и други форми на неопходна помош. Работевме и на дистрибуција на хронична терапија за болни лица во соработка со Министерството за Здравство. Доставувавме онколошка терапија во соработка со Универзитетска клиника за онкологија. Помагавме во одржување на тријажните шатори во болниците/центрите за јавно здравје. Континуирано обезбедувавме поддршка за мигрантите во Винојуг и Табановце. Работевме на подигање на свеста за заштита од пандемијата преку изработка и дистрибуција на флаери, постери, сликовници и друг информативен материјал за заштита од КОВИД-19 и промоција на хигиена.

**Поддршка за справување со пандемијата КОВИД-19 обезбедена од Црвен крст на РСМ низ бројки:**

- Асистирани лица со психосоцијална поддршка: 7.001
- Асистирани лица со бесплатна услуга за набавка и дистрибуција на храна, хигиена, лекови и др.: 8.130
- Дистрибуирани семејни пакети со храна: 27.929
- Дистрибуирани семејни пакети со хигиена: 29.398
- Дистрибуирани дезинфекциски пакети: 12.584
- Дистрибуирани бебешки пакети: 2 989
- Дистрибуирани заштитни маски: 184.974
- Дистрибуирани заштитни ракавици: 189.772
- Медицински прегледи на ранливи групи: 12.314
- Дистрибуирани топли оброци до ранливи групи: 29.610
- Дистрибуирана терапија: 3.504
- Мобилизирани волонтери и вработени на дневна основа: 500 – 600 лица

МТСП во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје обезбеди 658 пакети со храна како итен одговор и поддршка за оние кои се најсилно засегнати од кризата предизвикана од КОВИД-19. Поддршката беше наменета за 329 регистрирани жртви на семејно насилство. Преку Министерството обезбедена беше и помош во 1.860 пакети со храна и средства за хигиена – донација на UN Women, наменета за жртви на семејно насилство и самохрани родители. Дистрибуцијата на хуманитарната помош беше спроведена преку општинските организации на Црвениот крст и центрите за социјална работа.

Во време на светска пандемија која ја обележи речиси цела 2020 година Црвениот крст на РСМ ја усогласи својата нормативната рамка со значителен број на интерни документи со кои се уредуваат сите прашања потребни за соодветно организирање и функционирање во време на пандемија, почитувајќи ги при тоа сите препораки и одлуки на Владата на РСМ и органите и телата одговорни за управување со кризата.

Црвениот крст на РСМ изработи Стандардни мерки превенција од КОВИД-19 за контрола и спречување на ширењето КОВИД-19 помеѓу вработени, волонтери и надворешни посетители на Црвен крст на РСМ. Во активностите на националното друштво за справување со пандемијата беа вклучени 500 до 600 волонтери и вработени на дневна основа.

Сега е време за глобална солидарност и поддршка, особено со најранливите во нашето општество. Само заедно можеме да ги надминеме испреплетените здравствени и социјални и економски влијанија на пандемијата и да спречиме нејзино ескалирање во долготрајна хуманитарна катастрофа, со потенцијална загуба на веќе постигнатите развојни придобивки во земјата. Сите

## Финансиска поддршка за одговор на пандемијата КОВИД-19

| ДОНАТОР | Поддршка (денари) |
|---|---|
| Меѓународна Федерација на ЦК/ЦП | 37.833.739 |
| Меѓународен Комитет на Црвен крст | 2.886.261 |
| Австриски Црвен крст | 611.428 |
| Швајцарски Црвен крст | 1.501.393 |
| Германски Црвен крст | 1.845.000 |
| УСАИД | 18.801.284 |
| Фонд на солидарност | 241.144 |
| Турска Црвена полумесечина (материјална помош) | 1.354.845 |
| **Вкупно** | **65.075.094** |

ние мора да ја преиспитаме иднината на нашето опкружување и да се справиме со климатските промени и деградацијата на животната средина. Само така можеме да влијаеме на заштитата на здравјето и егзистенцијата на луѓето, безбедноста на храната и исхраната на сите луѓе и да осигуриме нашите „нови нормалности“ да бидат подобри.

Здравственото и социо-економското влијание ќе имаат поширок ефект врз потребите на екстремно ранливите заедници, вклучително и во однос на пристапот до мерки за превенција од епидемија, сеопфатни и безбедни здравствени услуги и ќе имаат трофеен ефект врз потребите за социјална грижа, кохезијата и интеграцијата во нашето општество. Црвениот крст на РСМ продолжува да работи на ограничување на ширењето на пандемијата, обезбедувајќи поддршка за ранливите луѓе и социјалната кохезија во заедниците, пред се на полето на обезбедување заштитата, помош и застапување за најранливите категории на население.

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО ВО ЗАЕДНИЦИТЕ

Активностите на здравствено-превентивен план во 2020 година се реализираа во услови на почитување на мерките за превенција и контрола на КОВИД-19 пандемијата и беа насочени кон подобрување на здравјето и намалување на заболувањата и смртноста кај населението со акцент на специфичните здравствени потреби на поединците и заедниците на локално ниво со приоритет на ранливите групи. Работевме на подигање на свеста на населението за заштита и превенирање на болести, недискриминација и толеранција и инвестиравме во надградба на здравствено–превентивните капацитети преку воспоставување на здравствени сервиси и центри од одржлив карактер. Црвениот крст ќе даде придонес кон подобрување на подготвеноста на земјата за брз и ефикасен одговор кон повеќе здравствени предизвици во мирнодопски услови и во услови на кризи и катастрофи.

## Намалување на штети од употреба на дрога

Намалување на штетите од употреба на дрога е проект наменет за лицата – корисници на дрога и се спроведува преку ООЦК Кичево, ООЦК Велес и ООЦК Прилеп. Центрите отворени во општинските организации имаат за цел да нудат медицински, социјални и правни услуги на корисниците како и да ги снабдуваат истите со кондоми и стерилен прибор за инјектирање. Во 2020 година беа опфатени 645 лица. Во соработка со Институтот за јавно здравје и НВО ХЕРА реализирано е доверливо советување и тестирање во Прилеп и Велес на 72 лица. Во Прилеп се спроведени 265 услуги во психолошкиот сервис за 82 лица (индивидуални и групни советувања, индивидуална психотерапија, советувања во семејството, мотивација за лекување, ресоцијализација). Поделени се вкупно: 63.300 игли и 37.976 шприцеви-стерилен сет за инјектирање, 5.963 кондоми, 3040 лубриканти и 2272 ИЕК на лица кои инјектираат дрога.

*Не постојат големи луѓе на овој свет, постојат само големи предизвици пред кои се издигнуваат обичните луѓе и ги решаваат.*



***Црвениот крст на Република Северна Македонија по повод 75 години од своето основање спроведе кампања за набавка на инкубатори за предвремено родени и болни бебиња под покровителство на сопругата на претседателот на Република Северна Македонија, г-ѓа Елизабета Ѓоргиевска. Инкубаторите беа донирани на Одделот за неонатологија, педијатрија и цистична фиброза на Универзитетската клиника за Детски болести во Скопје.***



# ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИ ЗДРАВСТВЕНО ПРЕВЕНТИВНИ АКТИВНОСТИ

**НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ СРЦЕВО - САДОВИ ЗАБОЛУВАЊА (21-28 ФЕВРУАРИ).** Неделата на борба против срцево садовите заболувања се одбележа под мотото “Здраво срце, Среќно срце”. Организирани се едукативни предавања во основни и средни училишта, со членови на Клубови на млади, здруженија на пензионери, работни организации и со волонтери во општинските организации, за подигнување на свеста кај пошироката популација за ризиците кои ги носат срцево садовите заболувања, но и превенција од истите преку здрави животни навики.

**НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ РАК (1-8 МАРТ).** Неделата за борба против рак се одбележа под мотото “НЕ СИ САМ-Подигни ја свесноста за ракот”. Организирани се едукативни работилници за различни целни групи:ученици и професори во средните училишта, стари лица и лица со хронични незаразни заболувања. Опфатени се 450 лица.

**СВЕТСКИ ДЕН ЗА БОРБА ПРОТИВ ТУБЕРКУЛОЗА (24-ТИ МАРТ).** Светскиот ден за борба против ТБ беше одбележан под мотото “Време е...За свет без туберкулоза” со онлајн работилници и споделување на објави на социјалните мрежи со цел подигање на јавната свест за важноста од превенција и навремено дијагностицирање на оваа болест.

**НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ТУБЕРКУЛОЗА (14-21 СЕПТЕМВРИ).** Во текот на неделата организирани се 33 работилници за ризични целни групи во повеќе ООЦК. Опфатени се 462 лица.

**НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ХИВ/СИДА (1-7 ДЕКЕМВРИ)** Неделата на борба против ХИВ/СИДА, се одбележа под мотото “Глобална солидарност, заедничка одговорност во борбата против ХИВ /СИДА”. Организирани се едукативни работилници во сите 33 ООЦК/ЦКГСкопје за правилна и навремена превенција. Опфатени се 560 лица.

**НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ШЕЌЕРНА БОЛЕСТ (10-16 ОКТОМВРИ)** Неделата на борба против шеќерна болест се одбележа под мото “Здрави животни навики во борба против дијабетот,,. Организирани се едукативни работилници во сите ООЦК/ЦКГС. Опфатени се 250 лица.

## Заштита на здравјето на населението од климатски промени

Црвениот крст на РСМ во соработка со Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, Светската здравствена организација - канцеларија Скопје, МТСП и други владини и невладини институции на локално и национално ниво, во текот на летниот период спроведе активностите за заштита на здравјето на населението од топлотните бранови. Волонтерите на ООЦК и ЦКГ Скопје во периодот од 29 јули до 15 август 2020, се вклучија во активностите за превенција и намалување на последиците од топлотните бранови преку делење на совети, флаери и флаширана вода на граѓаните на сончеви и топли места во најтоплиот период од денот од 10:00-16:00, притоа почитувајќи ги препораките за заштита од КОВИД 19. ООЦК и ЦКГ Скопје континуирано споделуваа флаери на социјалните мрежи со пораки за заштита и превенција од топлотен удар.

***Сега е време да преземеме итна акција. Ниедна организација, мрежа или влада не може да се справи со климатската криза преку ноќ, но можеме да делуваме заедно, да работиме на спречување на климатските промени кои ги загрозуваат животите на стотици милиони луѓе како резултат на катастрофите кои секојдневно се случуваат.***

Франческо Рока, претседател на Меѓународна Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина.

## Центар за психосоцијална помош и поддршка

Во 2020 националното друштво работеше на развивање на модел за воспоставување на Центар за психосоцијална помош и поддршка, а воедно се обучија вкупно 94 волонтери како тренери за дисеминација на обуки за првична психолошка помош и психосоцијална помош и поддршка во кризна состојба. Организирани се 10 супервизиски работилници за поддршка на 100 волонтери кои беа активно вклучени во работата со населението. Отворени се телефонски линии во сите 33 ООЦК и ЦКГСкопје за поддршка на населението каде се даваше првична психолошка помош, со ангажман на дваесетина волонтери.

## Обуки за Психосоцијална поддршка (ПСП) и Прва психолошка помош ППП)

Црвениот крст на РСМ организираше 15 онлајн обуки за психолошка прва помош и поддршка на волонтери и вработени на Црвен крст на РСМ. Во периодот од 13.06 – 22.06. 2020 во соработка со УСАИД, одржани се 9 онлајн обуки за обучувачи по ППП, ПСП. Вкупно се обучени 55 волонтери и вработени на ООЦК/ЦКГСкопје. Во периодот од 13.11 – 26.11. 2020 одржани се 6 онлајн обуки за провајдери на услуги по ППП, ПСП поддржани од Меѓународната федерација на ЦК/ЦП. Вкупно се оспособени 40 волонтери и вработени на ООЦК/ЦКГ Скопје. Во периодот од 17-21 декември спроведени се 5 супервизиски сесии за психосоцијална поддршка за 47 вработени и волонтери на Црвен крст на РСМ.

## Спасуваме животи со вештини за прва помош

Секој човек има капацитет да спаси нечиј живот – основниот гест на човечка солидарност. Промовираме прва помош достапна за секој човек без никаква дискриминација. Црвениот крст на РСМ во 2020 година континуирано учествуваше во оспособување на населението на РСМ за давање на прва помош особено преку реализирање на наставата за прва помош за кандидати за во-

зачи на моторни возила и работни организации преку општинските организации на Црвен крст и ЦКГ Скопје. Инвестиравме во подобрување на нормативната рамка и методологијата за спроведување едукација и стекнување на практични вештини од областа на првата помош и активно работевме на подигање на значењето за учење на вештини за укажување на прва помош помеѓу младите и други целни категории на корисници на услуги како што се кандидатите за возачи и во работните организации.

## Прва помош за кандидати за возачи и за правни лица

Во 2020 година со прогласување на вонредната состојба во државата, прва помош се реализираше согласно Стандардните мерки за контрола и превенција од КОВИД-19 пандемијата на Црвен крст на РСМ согласно препораките од Министерство за здравство на РСМ. Во текот на 2020 година во сите ООЦК и ЦКГ Скопје реализирани се 1.221 курс по прва помош за возачи и 67 курсеви за работни организации. Преку обуките беа опфатени 14.155 кандидати за возачи и 265 лица од различни работни организации.

***На крајот на 2020 година Собранието на Република Северна Македонија го донесе Законот за изменување и дополнувања на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со кој Црвениот крст на РСМ станува единствена организација во државата, овластена да организира и реализира курсна настава за оспособување на кандидати за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајна незгода. Во рамки на залагањата на Националното друштво за зацврстување на положбата и овозможување непречено вршење на својата дејност и мисија, истото претставува голем успех и е од особено значење за препознавањето на Црвениот крст и неговата улога. Аналогно на тоа, нормативната рамка на националното друштво е дополнета со низа интерни акти со кои се уредува прашањето за модернизирање, организирање и спроведување на курсна настава за прва помош за кандидати за возачи согласно Законот. Ревидиран е Правилникот за организирање на курсна настава и оспособување на кандидатите за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лица повредени во сообраќајот и изработен е нов Правилник за условите и начинот на добивање овластување за организирање на курсна настава за оспособување на кандидатите за возачи на моторни возила за укажување на прва помош на лицата повредени во сообраќајни незгоди.***



**ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА СВЕТСКИ ДЕН НА ПРВА ПОМОШ.** Под мотото ***Прва помош во време на пандемија*** на 12 септември Црвениот крст на РСМ го одбележа Светскиот ден на прва помош со цел да се подигне свеста на населението за значењето на првата помош како живото-спасувачка вештина, со акцент на значењето на истата во време на пандемија. Околу 350 лица беа обучени за прва помош и 1200 лица беа едуцирани за важноста од правилно и навремено пружање на прва помош. Вкупно 150 волонтери и 50 вработени во Црвениот крст на РСМ беа вклучени во одбележувањето на Светскиот ден на првата помош. Отпечатени се промотивни едукативни 7.000 флаери и 650 постери на македонски и албански јазик кои беа дистрибуирани во јавни и приватни здравствени установи. Во Скопје поставени се билборди на 4 локации со порака за важноста на прва помош. Изработен е и онлајн квиз за тестирање на знаења и вештини по прва помош. Организирани се и онлајн едукативни работилници за различни целни групи каде учесниците беа запознати со вештините за правилно пружање на прва помош. Волонтерите од Клубот на млади на Црвениот крст на РСМ поделија балони со порака за важноста на прва помош за граѓаните за намалувањето на бројот на сообраќајни несреќи.

*Заедно мотивираме позитивно социјално однесување!*

# КРВОДАРУВАЊЕ – МАЛ ЧИН НА ХУМАНОСТ, КОЈ ЗНАЧИ СПАСЕН ЖИВОТ

Активностите на Црвениот крст на РСМ на полето на крводарителство се реализираа во тесна соработка со ИТМ и МЗ во услови на пандемијата со КОВИД-19. Крводарителските акции и сите останати активности се реализираа со следење на мерките и препораките на државните институции за превенција и заштита од КОВИД-19. Во 2020 година Црвениот крст на РСМ и Институтот за трансфузиона медицина реализираа 46.746 единици крв или планските обврски се исполнија со 84.99%. Во градот Скопје, ООЦК Гази Баба, Карпош, Кисела Вода, Центар и Чаир реализираа 15.751 единица крв или планските обврски ги исполнија со 100.76% додека во внатрешноста на државата реализирани се 31.175 единици крв. Во Градската општа болница "8-ми Септември" во Скопје, во службата за трансфузиона медицина се реализирани 1.230 единици крв а во Дневниот центар за дарување на крв во ДХО "Даре Џамбаз" во Скопје во 2020 година се собрани 2.443 единици.

Планските обврски за крводарителство во 2020 година ги исполнија 12 ООЦК: Битола 100.17%, Валандово 100.88%, Велес 181.94%, Виница 182.74%, Делчево 113.15%, Кавадарци 175.97%, Пробиштип 113.86%, Свети Николе 165.18%, Струга 100.10%, Штип 125.75%, Гази Баба 115.38% и Центар 165.62%. Организирани се вкупно 621 крводарителска акција.

## КАМПАЊА ЗА ПРОМОЦИЈА НА КРВОДАРИТЕЛСТВО СО СРЕДНОШКОЛСКА И СТУДЕНТСКА МЛАДИНА

Во месец мај и јуни 2020 година, во соработка со средношколската младина и студентските организации и ректорските управи на Државните универзитети "Св. Кирил и Методиј" во Скопје, "Св. Климент Охридски" во Битола, "Гоце Делчев" во Штип и Државниот универзитет во Тетово се спроведе кампања за промоција на крводарителство за студентската популација. Цел на кампањата беше подигање на свеста кај младите за значењето на крводарителството и мобилизирање на млади крводарители. Кампањата наиде на голем интерес кај младите и покрај ограничувањата кои произлегоа со пандемијата со КОВИД-19.

*Обезбедуваме крв која живот значи*

## ЕДУКАТИВНИ ФОРМИ ЗА ДОБРОВОЛНО КРВОДАРИТЕЛСТВО

Во септември 2020 година се одржа Работилница за едукација за доброволно крводарителство на нови членови на Клубови 25 од Скопје и Битола и од Клуб на крводарители на ЦКГ Скопје со учество на 24 лица. Учесниците ги надградија своите знаења во однос на мотивациските алатки за организирање кампањи за доброvol-

но крводарителство со младите, мерките за контрола и превенција за КОВИД-19 и улогата на Црвениот крст во организирање на крводарителски активности при кризни состојби и епидемии, и работата на Клуб 25, Клуб на крводарители и Дневниот центар за дарување на крв. Во октомври 2020 година се одржаа два семинари за едукација на нови мотиватори за доброволно крводарителство со учество на вкупно 49 лица, од кои 25 лица од редот на студентската популација. Содржините на семинарот овозможија учесниците да развијат вештини за мотивирање на крводарители со акцент на крводарителство во кризни состојби и епидемии.

### ФОРУМ ЗА ДОБРОВОЛНО КРВОДАРИТЕЛСТВО

Црвениот крст на РСМ и МЗ го организираа Вториот Форум за доброволно крводарителство, кој се одржа во од 10-12 јули 2020 година во Струга на тема "Крводарителството во кризни состојби и епидемии". На Форумот беа присутни 21 претставник од Црвен крст на РСМ, ИТМ, Генералштаб на АРСМ, Клуб на крводарители, Македонска радио телевизија, и компании. На Форумот се дискутираше за "Контрола и превенција на КОВИД 19 и улогата на Црвениот крст во справување со организација на активности за крводарителство во кризни состојби и епидемии"; и "Крводарување во време на КОВИД 19".

## ПРИДОНЕС ВО НАМАЛУВАЊЕ НА РАНЛИВОСТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ЗАЕДНИЦИТЕ

### ЛИЧНА АСИСТЕНЦИЈА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Црвениот крст на РСМ со поддршка на МТСП веќе трета година е вклучен во развој на услуги за лична асистенција за лица со попреченост кои се испорачуваа во текот на годината. Преку ЦКГ Скопје и ООЦК Битола, Струга, Струмица, Гостивар, Неготино, Куманово и Велес услугата беше испорачана за 135 корисници од страна на 100 ангажирани лични асистенти. На локално ниво се одржуваа редовни координативни средби со претставници на ООЦК, центрите за социјална работа, асистентите и корисниците за да се обезбедат информации за подготовка на плановите за реализирање на услугата. Во периодот ноември и декември, спроведена е евалуација за услугата лична асистенција за периодот јануари – октомври 2020 година преку ЦКГ Скопје и вклучените ООЦК.

### ОБУКИ ЗА ЛИЧНИ АСИСТЕНТИ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Црвениот крст на РСМ преку ЦКГ Скопје и ООЦК Струмица со поддршка на УНДП организираше две обуки за лична асистенција на лица со попреченост, со кои беа опфатени вкупно 45 кандидати. Со поддршка на АВРСМ преку ЦКГ Скопје и ООЦК Струмица и Битола се реализираа обуки за лична асистенција. Вкупно 36 кандидати следеа обука и се стекнаа со државно признат сертификат за лични асистенти на лица со попреченост.

### ГРИЖА И ПОДДРШКА НА СТАРИТЕ ЛИЦА

Проектот грижа за стари лица во домашни услови кој се имплементира преку ЦКГ Скопје продолжи да се спроведува со поддршка на градот Скопје, Фондацијата Албиз и Швајцарскиот Црвен крст. Беа ангажирани 13 волонтери на Црвениот крст и 7 медицински лица кои испорачуваа социјални и здравствени услуги за 200 стари лица во домашни услови. Континуирано продолжија да се имплементираат и програмските активности за старите лица во дневните центри за стари лица и центри за давање помош во домашни услови со простории во ДХО „Даре Џамбаз", во ООЦК Чаир, како и во просториите на ОУ во Општина Сарај. Исто така во текот на годината продолжија да се имплементираат активности и во Дневниот центар во Гази Баба. На месечно ниво во дневните центри во просек се реализираа околу 1230 посети. Преку клубовите на стари лица, кои функционираат во ООЦК Крива Паланка, Неготино, Велес и Прилеп беа реализирани активности за здраво стареење пред се во однос на превенција и заштита од КОВИД 19 и активности за набавка на намирници на стари лица преку мобилните тимови на Црвениот крст. Преку сервисот Нега Центар на ЦКГ Скопје се испорачуваа услуги за нега и помош на стари лица преку кој месечно беа опфатени од 6 до 16 корисници со поддршка на 6 до 15 негуватели. Тековно функционираше СОС линија за психо - социјална поддршка на старите лица.





## ОБУКИ ЗА НЕГУВАТЕЛИ ЗА ПОМОШ И НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА И ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Согласно верификуваната програма на Црвениот крст на РСМ, ЦКГ Скопје со поддршка на УНДП спроведе обука за негуватели на стари и немоќни лица со која беа опфатени 6 лица. Организирана беше обука и преку ООЦК Охрид со која беа опфатени 13 кандидати. Црвениот крст на РСМ во 2020 година верификуваше нова програма за негуватели за нега и помош на стари лица и лица со попреченост. Црвениот крст од страна на Министерството за образование и наука е верификувана организација како центар за едукација на возрасни за спроведување на обуки за негуватели за нега и помош на стари лица и лица со попреченост во Скопје, Битола, Прилеп, Кичево, Струмица, Куманово, Струга, Гостивар, Крива Паланка, Охрид, Неготино и Кавадарци. Во соработка со УНДП организирани се две обуки за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост преку ЦКГ Скопје и ООЦК Струмица. Обуката во Скопје беше поддржана и од Швајцарски ЦК. Вкупно 27 кандидати се стекнаа со државно признат сертификат за негуватели. Со проектот поддржан од Австриската агенција за развој и Австрискиот Црвен крст, отворен е регионален тренинг центар за обука за негуватели на стари лица и лица со попреченост. Центарот е раководен од страна на ООЦК Струмица и истиот ќе биде ставен во функција за потребите и на општинските организации Гевгелија, Радовиш и Валандово. За едукаторите кои ја спроведуваат програмата за обука за негуватели, беше организиран тренинг на едукаторите за подобрување на своите вештини и знаења за реализирање на програмата. Во декември започната е обуката за 15 долгорочно невработени лица од Струмица. Со проектот предвидено е да се организираат уште три обуки со кои ќе се опфатат лица од останатите три општини.

## ПРЕВЕНЦИЈА ОД ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Трговијата со луѓе е проблем кој бара заеднички пристап за негово сузбивање и вложување на заеднички напори од релевантни институции. Црвениот крст на РСМ како член на Секретаријатот на Националната Комисија за борба против трговија со луѓе и илегална миграција преку имплементација на превентивни активности дава придонес во борбата против овој глобален проблем што се рефлектира и во нашата земја. Црвениот крст на РСМ се вклучи во одбележување на 18 Октомври – Европски ден на борба против трговија со луѓе со организирање на превентивни активности за врсничка едукација на младата популација преку ЦКГ Скопје и ООЦК. Превентивните лекции имаа за цел подигање на свеста на младите, препознавање на начините преку кои можат да бидат вовлечени во трговијата со луѓе и нивна самозаштита.

Генералниот секретаријат на Владата на РСМ обезбеди поддршка за проектот на Црвен крст на РСМ „Борба против трговија со луѓе“ кој се имплементираше преку ООЦК Кочани, Кичево, Куманово, Прилеп, Битола и Ресен. Беа организирани обуки за врсничка едукација со кои беа опфатени 42 млади волонтери од ООЦК Гостивар, Охрид, Струмица и Кавадарци. Во месец август Црвен крст на РСМ одржа работилница за обука на едукатори за превенција од трговија со луѓе (во контекст на миграции), со поддршка на Меѓународната Федерација на ЦК/ЦП со цел да се зајакнат капацитетите преку нови обучени тренери за да се обезбеди подобар одговор на мигрантската криза. Беа опфатени 11 волонтери од ООЦК на територија на градот Скопје и ЦКГ Скопје, и ООЦК Битола и Куманово, како и членови на мобилните тимови Липково, Табановце - Куманово и Винојуг - Гевгелија.



## ПОДДРШКА ПРЕКУ ПУНКТОВИ ЗА БЕЗДОМНИЦИ

Скопје – 92 бездомни лица - обезбедена услуга од фризер/бербер, преглед и совети од доктор како и лекови, топол оброк и напитоци, стручно - советодавен разговор со социјален работник и психолог, како и беа поделени 20.331 парчиња облека.

Битола – 6 бездомни лица и Струмица 5 лица - обезбедена храна, средства за лична хигиена и облека.

*Можеби не можеме да нахраниме илјадници луѓе но и еден значи повеќе за некого кој не јадел со денови.*

## ПРОЕКТ „КОПЧЕ"

- 2701 посетители, 1.078 купувачи и 557 донатори
- Собрани се околу 25 тони облека
- Бесплатно се дистрибуирани 3324 парчиња облека на 363 лица во социјален ризик.
- Волонтерите посветија вкупно 527 часа доброволна работа во Копче.
- Изработени над 500 парчиња маски.

## ПОДОБРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ДЕЦА И МЛАДИ СО ПОПРЕЧЕНОСТ

Едуцирани 28 млади волонтери од ООЦК Велес, Кичево, Гостивар, Дебар, Делчево, Прилеп, Кавадарци и ЦКГ Скопје за јакнење на нивните капацитети за поддршка на децата и младите со попреченост од дневните центри. Со проектни активности поддржани од Комерцијална банка опфатени се над 340 деца.

## ПОРАКИ ЗА МЕЃУНАРОДНИОТ ДЕН НА СТАРИТЕ ЛИЦА

***„Пандемијата не е пречка за волонтирање во трето доба"***
***„Стареeме здраво - стареeме подобро"***

## НЕДЕЛА НА БОРБА ПРОТИВ ГЛАДТА (16-22 ОКТОМВРИ)

- Организирана кампања „Помислете и на нас“
- Обезбедени 122.400 ден., за набавка на храна.
- Обезбедена 4.590 кг храна
- Дистрибуирана на 450 лица во социјален ризик.
- Во акциите вклучени се 157 волонтери на Црвен крст.

## НЕДЕЛА НА ГРИЖА НА СТАРИ ЛИЦА - „СИТЕ СМЕ НИВНИ ДЕЦА“

Акција со поддршка на УНФПА за бесплатна услуга од страна на мобилни тимови за набавка и достава на храна, хигиена, лекови и др. на стари и осамени лица.

- Вклучени 15 општински организации на Црвениот крст и ЦКГ Скопје.
- Ангажирани 20 мобилни тима - вкупно 40 волонтери.
- Опслужени вкупно 404 стари лица.

## „ДА СПОДЕЛИМЕ РАДОСТ“

Во акцијата „Да споделиме радост“ од ЕВН АД Скопје обезбедени се 650 Новогодишни пакетчиња за деца од семејства во социјален ризик и деца со попреченост во Скопје, Битола, Гостивар, Куманово, Кичево, Струга и Штип.

## ПРОЕКТНА СОРАБОТКА СО АВСТРИСКА АГЕНЦИЈА ЗА РАЗВОЈ, АВСТРИСКИ ЦРВЕН КРСТ И ШВАЈЦАРСКИ ЦРВЕН КРСТ

Во октомври 2020 година, Црвениот крст на РСМ започна проектна соработка за Интегрирана грижа и поддршка на сервиси за развој на бизнис активности на Црвен крст на РСМ. Целта на оваа стратешка алијанса е воведување на социјално-медицински центри на Црвен крст на РСМ како и воспоставување на сервис за итна помош за постаро население во РСМ, (сервис на Итно Копче). Преку овој сервис во првичната фаза ќе се опфатат 60 корисници од постарата популација и лица со попреченост во Скопје. Исто така проектот има за цел да се воведе самоодржлив бизнис модел во ООЦК Струмица преку отворање на Регионален центар за давање на сертифицирани обуки и сервиси за негуватели во домашни услови за стари лица и лица со попреченост. Проектот е во висина од 800,000 ЕУ.

## ПРОЕКТ ПОДДРЖАН ОД ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА - INCARE

Кон крајот на 2020 година, како дел од поддршката на развој на инклузивни сервиси за грижа на локално ниво преку учество на релевантни национални чинители, Црвен крст на РСМ заедно со МТСП како локални партнери, учествува во проект поддржан од Европската Комисија - InCare, чиишто средства наменети за националното друштво изнесуваат 256,764 евра за периодот од 2020 до 2023 година. Целта на овој проект е креирање на заеднички, иновативни и долгорочни политики за развој на сервиси за адекватна, прифатлива и одржлива поддршка за постари групи на население во Европските земји. Црвен крст на РСМ, заедно со МТСП ќе работат на креирање и развој на националните политики за постарите лица, и надградба на сервисот за итна помош - Итно Копче со дополнителни 50 лица - корисници од постарата популација чии што потреби се недоволно пресретнати од веќе постоечките услуги кои ги нуди заедницата, како и надградба на веќе постојната програма за обука за дополнителни 60 негуватели кои што ќе се здобијат со теоретски, психосоцијални и практични вештини, во давањето и нудење на услуги за постари лица и лицата со попреченост.

## СОРАБОТКА СО БИЗНИС & СТРАТЕГИИ ЕВРОПА.

Во ноември 2020 година, Црвен крст на РСМ потпиша 6-месечен договор за донаторска соработка со компанијата Business&Strategies in Europe, за намалување и ублажување на психолошките и економски последици предизвикани од КОВИД - 19 пандемијата, преку која беа се обезбедени 25.000 евра. Во делот на активностите, 15 лица, припадници на социјално-ранливи категории ќе се стекнат со знаење и ќе бидат дел од сертифицирана обука за негуватели за нега на стари лица и лица со попреченост, и 40 лица вработени и волонтери на Црвен крст на РСМ ќе учествуваа во обука за тренери по психо-социјална помош и поддршка и прва психолошка помош со цел да бидат дел од поддршката за воспоставување на Национален тим за развој на политики и стратегии на локално ниво, како и развој на Национален Центар за нудење и давање на услуги по Прва Психолошка помош и Психо-социјална помош и поддршка во нашата држава.

# ГРАДИМЕ КАПАЦИТЕТИ НА ЗАЕДНИЦИТЕ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ И ОДГОВОР НА КАТАСТРОФИ

Програмските активности за подготвеност и одговор во случај на катастрофи на Црвениот крст на РСМ, целосно беа посветени на обезбедување на ефикасен одговор на националното друштво на пандемијата со КОВИД-19. Црвениот крст на РСМ беше вклучен во Акцискиот план на Владата на РСМ, со сите материјално технички и човечки ресурси и со својата ангажираност да одговори на поставените барања за обезбедување на поддршка на населението во државата и ублажување на последиците од настаната состојба. Активностите пред се беа насочени кон обезбедување на хуманитарна поддршка, подигање на свеста за заштита на населението преку изработка на информативен материјал и организирање на обуки. Националното друштво го користеше информатички систем NICS за координација и комуникација и подготви протоколи за постапување за време на пандемијата, како за ангажираните лица така и за пошироката популација. Подигнувањето на свеста за заштита и самозаштита во случај на катастрофи и за време на КОВИД-19 беше реализирана преку подготовка и споделување на постери за промоција на хигиена и заштита од КОВИД-19, подготовка на видео материјали, споделување на материјали за заштита за време на земјотрес итн. Активностите се спроведуваа преку социјалните медиуми, интернет портали, медиумски куќи и др.

***Кога катастрофата ќе се случи нашите волонтери се таму – но дали знаете дека исто така ги помагаме семејствата и заедниците да се подготват за вонредни состојби пред тие да се случат?***

Националното друштво активно работеше и на надградба на организациските капацитети преку учество и организирање на најразлични работилници, семинари и конференции како што се активностите поврзани со подготовка и организација на меѓународна НАТО вежба во соработка со ЦУК, обуки за промоција на хигиена и заштита од КОВИД-19, состаноци со инструкторски тим на ЦУК за употреба на NICS платформата, обуки за NICS во Струга, учество на работилница за климатски промени, регионална канцелариска симулациска вежба во Битола, меѓународна регионална канцелариска вежба за голем земјотрес во Скопје и координиран меѓународен одговор, работилници со Воената Академија, работилници за сексуално и репродуктивно здравје во време на КОВИД-19 како и многу други активности. Во рамки на активностите за подготвеност при катастрофи Црвениот крст на РСМ зеде учество на симулациска вежба Маврово 2020 организирана од Дирекцијата за заштита и спасување но и канцелариските симулациски вежби во организација на Центарот за управување со кризи.

## ОПЕРАТИВЕН ЦЕНТАР НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

Една од позначајните активности на националното друштво беше имплементацијата на проектот “Градење на капацитети за комуникација и координација за ефикасна подготвеност и одговор на Западен Балкан” преку кој се отвори современ и опремен Оперативен центар за одговор при катастрофи на Црвен крст на РСМ во Момин Поток, Скопје каде на дневна основа се следеше и анализираше состојбата со КОВИД-19 и останати катастрофи. Оперативниот Центар беше задолжен да биде носител на комуникацијата и координацијата со државните институции и организации вклучени во системот за управување со кризи а исто така ги координираше активностите на ООЦК/ЦКГС и вршеше континуирана комуникација и координација со Регионалната канцеларија на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина - Будимпешта и со националните друштва на Црвен крст во регионот. Преку Центарот обезбедена е поддршка за обука и мобилизирање на волонтери и изработка на едукативни материјали за заштита од КОВИД-19 и промоција на хигиена.

## ПРОЕКТ „БЕЗБЕДНИ УЧИЛИШТА И ГРАДИНКИ“

Со проектот се подготви и адаптираше едукативна платформа за намалување на ризици од катастрофи, се подготви ресурсен каталог, стандардизирани обуки за дисеминатори и амбасадори а воедно се подготвија и препораки за застапување за на-



малување на ризици од катастрофи, прва помош и психосоцијална поддршка на Европско ниво и на ниво на сите земји учеснички во проектот.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ВОДА

Центрите за безбедност на вода на ЦКГ Скопје и на ООЦК Охрид како и ООЦК Струга, ООЦК Велес и ООЦК Битола работеа на реализација на годишната програма со адаптација кон ситуацијата со КОВИД-19. Тимовите на обучени спасители беа ангажирани за обезбедување на 30 капалишта со ангажман на над 80 волонтери. Регистрирани се над 700 интервенции на водните рекреативни места (полесни и посериозни интервенции, активни давеници, транспорт до медицинска установа и др.) Центарот за безбедност на вода на ЦКГ Скопје заедно со своите инструктори, во текот на годината организираше 1 курс за спасувачи на вода со учество на 5 лица, а 4 лица ги обновија лиценците. Тимовите учествуваа во обезбедување на настани во Скопје, Велес, Битола, Охрид и Струга за празникот Водици, обезбедување на Велешкиот маратон, потрага по исчезнати и удавени лица во реката Вардар итн.

## БЕЗБЕДНОСТ НА ПЛАНИНА

Тимовите за спасување на планина на ЦКГ Скопје и на ООЦК Битола континуирано во текот на изминатата година со обучени спасители на планина во просториите на спасителните станици Водно и Матка како и во рамките на териториите кои ги покрива ООЦК Битола, реализираа над 150 денови на дежурства за време на кои беа ангажирани над 200 лица (спасители на планина, медицински лица, парамедици, логистика итн.). Покрај редовните активности, во 2020 година тимовите учествуваа во обезбедувања на спортско-рекреативни настани на планина, маратони, велосипедски трки, трка “Гази Баба”, “Прв до Врв”, “Пелистер Ултра Треил”, “Искачување на Крчин”, “DOWNHILL – Пелистер”, “Водици”, симулациски вежби како и 100 спасителни / прва помош интервенции. Тимовите исто така учествуваа и во активности за пребарување и пронаоѓање на 5 изгубени лица на планина. Волонтерите од тимовите за спасување на планина се вклучија активно во давање на поддршка на активностите на ЦКГС и ООЦК Битола за време на Пандемијата со КОВИД19 во мобилните тимови, дистрибуција на хуманитарна помош и други активности

Планинската Спасителна Служба при Црвен крст Охрид, обезбеди грант од ЕУ, за проектот „Нови можности за безбеден зимски авантуристички туризам“, со вкупен буџет од 692.000 ЕВРА, кој се реализира во периодот од 01.11.2019 до 31.10.2022 година. Планинската Спасителна Служба преку својот оперативен центар и телефонски број за СОС повици активно се вклучи во ублажување на последиците од КОВИД-19 кризата, преку обезбедување и достава на намирници и лекови до граѓаните на територијата на Охрид. Во 2020 година реализирани се 20-тина асистенции и 11 спасителни операции, како и обезбедување на две спортско рекреативни манифестации на планина со повеќе од 1.300 учесници.

# ПОМОШ И ПОДДРШКА НА МИГРАНТИ/БЕГАЛЦИ

Црвен крст на РСМ обезбедува грижа и материјална поддршка за мигранти и ирегуларни мигранти кои се движат или престојуваат во РСМ уште од 2014 година. Во 2020 година, поддршката се обезбедуваше преку активности во прифатните транзитни центри “Винојуг”– Гевгелија и “Табановце”–Куманово, Центарот за странци во Скопје како и за ирегуларните мигранти во пограничните региони на државата (Србија и Грција), преку теренски активности на мобилните тимови на Црвен крст.

Поддршката беше во форма на дистрибуција на хуманитарна помош со пакети со храна, индивидуални пакети со хигиена за мажи и жени, пакети за бебиња и пелени, вода, ќебиња, облека и обувки како и дистрибуција на топли оброци и топли напитоци. Храната се обезбедуваше преку наменски поставени мобилни кујни. Тимовите на Црвениот крст на терен укажуваа прва помош на мигрантите и бегалците и по потреба вршеа транспорт до здравствените институции за секундарна здравствена заштита.

- Дистрибуирани пакети со храна - 9468 / готова храна (топли оброци) – 15.005
- Асистенции и интервенции и укажување на прва помош – 26.830
- Асистирани лица (ирегуларна миграција) – 43.319 лица
- Лица сместени во прифатните центри за бегалци и мигранти во Винојуг и Табановце – 2.937лица

Црвениот крст обезбедуваше 24 часовна поддршка во центрите во Винојуг и Табановце, Куманово, со екипи за прва помош и логистичка поддршка. Мобилниот тим Липково обезбедуваше 12 часовно покривање на терен покрај регионОТ со Србија. Тимот број 40 лица кои се распоредени во 6 тимови: медицински тим, логистички тим, тим за дистрибуција и тим за служба барање.

Од Прифатниот Транзитен Центар Винојуг (Гевгелија) и Прифатниот Транзитен Центар Табановце (Куманово) мобилните тимови на Црвен крст извршија 594 транспорти до болница и до Western Union.

| Место / Локација | Бројка на бегалци/ ирегуларни мигранти |
|---|---|
| Прифатно Транзитен Центар Винојуг, Гевгелија | 308 |
| Транзитен Центар Табановце, Куманово | 2629 |
| Мобилен тим Лојане, Ваксинце, Липково | 12820 |
| Мобилен тим Гевгелија (ирегуларни мигранти) | 30499 |
| Прифатен центар за странци – Гази Баба – Скопје | 230 |

*На мојот пат кон Р. Србија, бев повреден и со две скршени нозе останав да лежам на патот, беспомошен и премален од болка. Тогаш наиде мобилниот тим на Црвениот крст. Итно ме прегледа нивниот доктор и предложи хоспитализација. После три недели бев опериран. За време на мојот престој во болница, Црвениот крст не ме остави сам. Тие беа моето семејство во Македонија. Дополнително олеснување беше тоа што во Црвениот крст имаше преведувачи од арапски јазик што многу ми значеше. Црвениот крст ме зема од болница, ме однесе во кампот Табановце каде сè уште престојувам.*

*Никогаш нема да можам да се одолжам на Црвениот крст. Никогаш нема да го заборавам третманот кој го добив. Третман кој го заслужува човек како мене кој се најде на крстосницата низ Македонија не по своја вина.*

Закарија Зеиди, 28 години - мигрант во движење од Палестина.



*Како лекар по општа пракса, започнав да волонтирам во Црвениот крст во 2018 година. Тогаш бев на прагот на мојата кариера. Доаѓам од Јордан, овде сум женет за девојка која е Македонка по мајка. Заедно се бориме да ги одбраниме боите на Црвениот крст. Се гордеам што го работам она за кое сум учел.*

*Среќен сум што им помагам на оние на кои помошта им е најпотребна, но и несреќен кога ќе го посведочам лошиот третман кон мигрантите во другите држави. Моја лична благодарност до Црвениот крст што ме прифати како дел од нивното семејство.*

Др. Омар Ал Јасин, од Кралство Јордан - лекар во ТЦ Табановце, мобилен тим на Црвен крст на северна граница.



## Асистенции на мобилни тимови

| Место/Локација | Поддршка (денари) |
|---|---|
| Прифатно Транзитен Центар Винојуг, Гевгелија и Транзитен Центар Табановце, Куманово | 21349 |
| Мобилен тим Лојане, Ваксинце, Липково | 5481 |
| Прифатен центар за странци – Гази Баба – Скопје | 531 |

## Дистрибуирана помош во 2020 година

| Вид на помош | Количина |
|---|---|
| Вода (шише 0.5л) | 52.750 |
| Топли готвени оброци | 9.889 |
| Сет за бричење | 1.467 |
| Прашок за перење алишта | 500 |
| Паста и четка за заби | 1.016 |
| Сапун и пешкир | 2.820 |
| Пакети со храна | 9.468 |
| Топли напитоци (супа и чај) | 5.161 |
| Хигиенски пакет за бебе | 346 |
| Шампони и влажни марамици | 3.009 |
| Ќебе | 5.906 |
| Сет облека за возрасни | 522 |
| Сет облека за деца | 907 |

## Финансиска поддршка за програмата за мигранти/бегалци во 2020 година

| Место/Локација | Поддршка (денари) |
|---|---|
| УНХЦР | 17.000.000 |
| Швајцарски Црвен крст | 4.000.000 |
| Група 484 | 1.840.000 |
| Црквата на Исус Христос и светците на подецнежните дни | 1.200.000 |
| Меѓународна Федерација на ЦК/ЦП | 945.000 |
| Меѓународен Комитет на Црвен крст | 725.000 |
| ИОМ | 600.000 |
| Вкупно | 26 310 000 |

## Движењето обединува разделени семејства повеќе од 150 години

Секој има право да ја дознае судбината на исчезнатите најблиски. Нашата мрежа помага семејствата да бидат заедно. Помагаме да се спојат раздвоени семејства како резултат на хуманитарна криза, конфликт, природна катастрофа и миграции.

Во 2020 година Црвениот крст на РСМ обезбеди поддршка за воспоставување на семејни врски помеѓу разделени членови на семејства за 66 лица, мигранти.

# МЛАДИТЕ НА ЦРВЕН КРСТ – НАША ДВИЖЕЧКА СИЛА

Младинското дејствување во Црвениот крст на РСМ го одбележаа активности прилагодени кон условите за работа и потребите на населението во услови на пандемијата со КОВИД-19. Најголем дел од волонтерите во клубовите на млади се вклучија во поддршка на активностите на тимовите за одговор при катастрофи и мобилните тимови за подготовка и дистрибуција на хуманитарна помош на загрозеното население погодено од Ковид – 19. Традиционалните програмски активности за едукација на млади и подигање на свест, се спроведуваа преку употреба на информатички решенија и социјални медиуми. Со воведување на забраната на вон наставни активности со физичко присуство во училиштата од страна на Министерството за образование и наука, училишните клубови на Црвен крст речиси и немаа никакви активности во текот на годината. Во 2020 година вкупно 1.956 млади волонтери беа активно вклучени во работата на националното друштво.



| ЕДУКАТИВНИ РАБОТИЛНИЦИ ВО 2020 ГОД. | Број на одржани работилници | Број на учесници |
|---|---|---|
| Сексуално репродуктивно здравје | 61 | 1.125 |
| Трговија со луѓе | 56 | 1.143 |
| Превенција од болести на зависности | 43 | 963 |
| Хигиена | 8 | 162 |
| Прва помош | 46 | 709 |
| Дисеминација | 15 | 438 |
| Забоздравствена заштита | 6 | 148 |
| **ВКУПНО** | **235** | **4.688** |




*„Мора да ги поддржиме најпогодените да издржат во овие тешки времиња“:*

Виктор Атанасовски – Волонтер од Клуб на млади на ООЦК Куманово, вклучен во дистрибуција на хуманитарна помош за социјално загрозени лица.

*Преку проектот Социјална инклузија на ученици со посебни потреби – поддржан од Фондот за развој, успеавме да поттикнеме млади лица да изработуваат дидактички материјали за нивни соученици со посебни потреби. “Ги развиваме толеранцијата и разбирањето, градиме подобра иднина, ги прошируваме активностите на Црвениот крст во училиштата дури и во време на пандемија, и се здобивме со 30 нови членови од редот на наставниците”*

Магдалена Бојковска, координатор на проектот во ООЦК Кисела Вода.



# ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА – ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

“Црвен крст во акција-Промоција на хумани вредности” (ЦКА-ПХВ) повеќе од 20 години е национална алатка за привлекување и задржување на волонтери во Црвениот крст на РСМ и има за цел промоција на култура, мир, соживот, толеранција како и поттикнување на волонтеризмот помеѓу младите луѓе. Вкупно 31 ООЦК беа дел од ЦКА-ПХВ програмата во 2020 година со учество на 39 дисеминатори. Почетокот на годината го одбележа одржувањето на Подготвителна работилница за ЦКА-ПХВ инструктори со учество на 30 инструктори од ООЦК.  Во 2020 година организирани се четири регионални работилници со учество за ментори-инструктори и дисеминатори од ООЦК учесници во годинешната ЦКА-ПХВ програма. Во месец јануари и февруари реализирани се 40 дисеминациски обуки и 40 обуки за документирање на мали проекти во ООЦК од страна на одговорните дисеминатори. Обуките беа реализирани од страна на двајца ПХВ инструктори во времетраење од 4 часа. Вкупно се реализирани 32 обуки на македонски јазик и 8 на албански јазик. Бројката на младинци кои ја поминаа обуката изнесува 1150 и истите се на возраст од 13 до 17 години.

***Како долгогодишен волонтер во Црвен крст Општинска организација Кисела Вода и дисеминатор во ЦКА-ПХВ програмата можам да кажам дека сум особено горд што бројот на млади лица кои покажуваат интерес за помош во заедницата се повеќе се зголемува. ЦКА-ПХВ е програмата која во целост го промени моето секојдневие, ја промени мојата рутина и создаде нови поквалитетни животни навики.***

Стефан Спасовски
ПХВ дисеминатор од Кисела Вода

***Во 2020 година како резултат на пандемијата обемот на активности на програмата беше намален и по прогласувањето на пандемијата во месец март програмата е стопирана со исклучок на одредени онлајн активности кои се реализираат со ООЦК.***

# ЦКА- ПХВ НЕДЕЛА

“Недела на промоција на хумани вредности” се одбележа со онлајн активности од 21 до 27 септември. Целта на неделата беше промоција на култура, мир, соживот, толеранција како и поттикнување на активизам помеѓу младите луѓе. Младите составуваа, аранжираа, компонираа и снимаа песни преку кои го опишаа волонтирањето, помошта во заедницата, промените кои ги прават и добрината која ја шират. Вкупно се снимени 30 песни кои во 2021 година ќе бидат и официјално промовирани.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020 ГОДИНА

Црвениот крст на Република Северна Македонија своето работење го прикажува преку финансискиот извештај кој ги содржи планираните и реализирани приходи и расходи. Финансискиот извештај претставува потврда за успешно имплементираните програмски и проектни активности поддржани од домашни и странски партнери на организацијата.

Работењето на организацијата прикажано преку финански податоци покажува успешно завршена година со остварување на Буџетот од 194,96% за разлика од 2019 кога остварувањето изнесуваше 206,33%, како резултат на имплементација на Измените на Законот за ЦК, согласно кој сите средства од надоместокот од регистрација на возила на територијана РСМ се прибираат во Централната канцеларија на ЦКРСМ и понатаму се прераспределуваат во општинските организации на ЦК и Црвен крст на град Скопје. Сопствени проходи се реализирани со 120,98% и учествуваат со 19,54% од вкупно остварените приходи. Приходите од органи и донатори, претставуваат наменски приходи, кои во најголем дел директно се префрлаат во општинските организации, каде се користат за имплементација на проектни активности. Овие приходи се реализирани со 228,97% бележат пораст во однос на 2019 кога се реализирани 218,78%. Порастот на овие приходи е резултат на обезбедени проекти за поддршка за справување со КОВИД последиците. Истите зафаќаат 80,46% од вкупно реализираните приходи во 2020 година.

Во делот на расходите може да се утврди дека трошењето е контролирано и наменско, што е основна цел на секоја организација. Од вкупно реализираните расходи, функционалните односно програмските трошоци се зголемени во номинален износ во однос на претходната година и изнесуваат 84,14%, расходот за плата на вработените изнесува 7,49%, а материјалните трошоци изнасуваат 8,37%. Од вкупно реализираните расходи 13,75% се однесуваат за потребите на централата и бележат пад во однос на минатата година, 41,90% се директно префрлени во општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје и во номинална вредност бележат пораст како резултат на импелентација на Измената на Законот за ЦК и имплементацијата на проектни активности поврзани со КОВИД-19, додека останатите 44,35% се средства кои се потрошени во централната канцеларија, а се однесуваат за реализација на програмски активности на општинските организации на ЦК и ЦК на град Скопје.

Дел од вишокот на финансиските средства односно позитивната разлика помеѓу приходите и расходите се наменски средства кои се однесуваат на проекти чија реализација продолжува во 2021 година.

Од страна на Раководниот одбор на Црвениот крст на РСМ беше формирана комисија, која изврши внатрешна контрола на финансиското и материјално работење. Исто така беше ангажирана надворешна независна ревизирска куќа, која изврши ревизија согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за финансиско известување и сметководствените прописи кои важат во Република Северна Македонија. Според мислењето на ревизорската куќа, финансиската состојба на организацијата Црвениот крст на РСМ е прикажана реално и објективно.

Финансискиот извештај се однесува само на работењето на централната канцеларија на Црвениот крст на Република Северна Македонија.



# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2020 ГОДИНА

| | Буџет 2020 | Реализирано 2020 | % |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **107,220,440.00** | **209,036,432.00** | **194.96** |
| Сопствени извори на приходи | 33,763,800.00 | 40,845,933.00 | 120.98 |
| Приходи од органи / донатори | 73,456,640.00 | 168,190,499.00 | 228.97 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **107,220,440.00** | **166,781,303.00** | **155.55** |
| Плати и надоместоци на вработени | 14,542,000.00 | 12,499,646.00 | 85.96 |
| Расходи за материјали и услуги | 13,882,612.00 | 13,958,379.00 | 100.55 |
| Функционални (програмски) расходи | 78,795,828.00 | 140,323,278.00 | 178.08 |
| **РАЗЛИКА** | **0.00** | **42,255,129.00** | |

## ПРИХОДИ

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2020 | Реализирано од сопствени извори | Реализирано од органи и донатори | Реализирано 2020 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | | | |
| 741 | Министерство за труд и социјална политика - програмски активности | 9,075,000.00 | | 9,075,000.00 | 6,078,000.00 | | 6,078,000.00 | 66.98 |
| 741 | Крводарителство ( Министерство за Здравство) | | 8,500,000.00 | 8,500,000.00 | | 7,424,000.00 | 7,424,000.00 | 87.34 |
| 742 | Социјално - хуманитарни програми | 1,200,000.00 | 1,429,472.00 | 2,629,472.00 | 877,021.00 | 16,640,404.00 | 17,517,425.00 | 666.20 |
| 742 | Организација и развој | | | 0.00 | | | 0.00 | 100.00 |
| | Фонд за развој и проекти | 1,728,000.00 | | 1,728,000.00 | 1,816,526.00 | | | 100.00 |
| | 5% за набавка и надоградба на софтвер и опрема | 297,000.00 | | 297,000.00 | 520,737.30 | | | 100.00 |
| 742 | Прва помош | 3,350,000.00 | | 3,350,000.00 | 3,201,053.00 | | 3,201,053.00 | 95.55 |
| 742 | Превентивно здравствени програми | | 3,366,428.00 | 3,366,428.00 | | 2,666,826.00 | 2,666,826.00 | 79.22 |
| 742 | Развој и работа со млади | 210,000.00 | 400,000.00 | 610,000.00 | | 5,600.00 | 5,600.00 | 100.00 |
| 742 | Подготвеност и одговор при катастрофи | | 1,696,640.00 | 1,696,640.00 | 3,846,164.00 | 61,339,609.00 | 65,185,773.00 | 3842.05 |
| 742 | Фонд за итен одговор на катастрофи | 1,728,000.00 | | 1,728,000.00 | 1,816,526.00 | | | 0.00 |
| 742 | 10% за програмски активости за катастрофи | 594,000.00 | | 594,000.00 | 1,041,474.60 | | | 0.00 |
| 742 | Дисеминација и МХП | | | 0.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | ЦК во акција - ПХВ | | 300,000.00 | 300,000.00 | | 414,000.00 | 414,000.00 | 138.00 |
| 742 | Односи со јавност | | | 0.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Фонд за видливост | 1,404,000.00 | | 1,404,000.00 | 1,475,927.00 | | 0.00 | |
| 742 | Служба барање | | 1,905,500.00 | 1,905,500.00 | | 1,409,884.00 | 1,409,884.00 | 0.00 |
| 742 | Проектно работење и мобилизирање на фондови | | | 0.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | 507,600.00 | 507,600.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 742 | Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | | 400,000.00 | 400,000.00 | | | | 0.00 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | | | |
| 725 | Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,770,000.00 | | 1,770,000.00 | 1,288,242.00 | | 1,288,242.00 | 72.78 |
| 725 | Донација од физички лица | 140,000.00 | | 140,000.00 | 62,302.00 | 39,918.00 | 102,220.00 | 73.01 |
| 725 | Донација од правни лица / Продажба на возила | 600,000.00 | | 600,000.00 | | | 0.00 | 0.00 |
| 725 | Доплата марки ( од Законот на ЦК ) | 400,000.00 | | 400,000.00 | 9,212.00 | | 9,212.00 | 2.30 |
| 723 | Од закупнинана деловен простор/дуги приходи/ приходи од продажба на капитални средства | 1,918,800.00 | | 1,918,800.00 | 1,880,952.00 | | 1,880,952.00 | 98.03 |
| 725 | Од регистрација возила (Средства од Закон за ЦК) | 5,049,000.00 | 54,951,000.00 | 60,000,000.00 | 8,852,534.10 | 47,123,127.00 | 55,975,661.10 | 100.00 |
| 725 | Други приходи/приходи од камата/членски карти/ рефундирање на трошоци за канцеларија/ вратен депозит од банка | | | 0.00 | 2,536,291.00 | | 2,536,291.00 | 100.00 |
| 725 | Фонд на солидарност | | | 0.00 | 0.00 | 6,054,243.00 | 6,054,243.00 | 100.00 |
| 725 | Од курсеви за спасители на вода | 100,000.00 | | | | | | |
| 725 | Пренесени приходи од претходна година | 4,200,000.00 | | 4,200,000.00 | 5,542,971.00 | 25,072,888.00 | 30,615,859.00 | 100.00 |
| | ***ВКУПНО ПРИХОДИ*** | ***33,763,800.00*** | ***73,456,640.00*** | ***107,220,440.00*** | ***40,845,933.00*** | ***168,190,499.00*** | ***209,036,432.00*** | ***194.96*** |

# РАСХОДИ

| | ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2020 | Реализирано од сопствени извори | Реализирано од органи и донатори | Реализирано 2020 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 | ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ | 13,504,512.00 | 1,007,488.00 | 14,512,000.00 | 9,223,547.00 | 3,071,539.00 | 12,295,086.00 | 84.72 |
| 402 | ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК | 30,000.00 | 0.00 | 30,000.00 | 153,660.00 | 50,900.00 | 204,560.00 | 681.87 |
| | *ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ* | *13,534,512.00* | *1,007,488.00* | *14,542,000.00* | *9,377,207.00* | *3,122,439.00* | *12,499,646.00* | *85.96* |
| 420 | ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ | 250,000.00 | 0.00 | 250,000.00 | 205,408.00 | 65,655.00 | 271,063.00 | 108.43 |
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 810,000.00 | 0.00 | 810,000.00 | 759,919.00 | 280,119.00 | 1,040,038.00 | 128.40 |
| 422 | ЗАТОПЛУВАЊЕ | 480,000.00 | 0.00 | 480,000.00 | 380,599.00 | 0.00 | 380,599.00 | 79.29 |
| 423 | КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ | 1,729,000.00 | 0.00 | 1,729,000.00 | 1,695,792.00 | 680,144.00 | 2,375,936.00 | 137.42 |
| 423 | МАТЕРИЈАЛИ | 2,339,000.00 | 1,776,228.00 | 4,115,228.00 | 2,644,419.00 | 2,191,933.00 | 4,836,352.00 | 117.52 |
| 424 | ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ | 966,000.00 | 0.00 | 966,000.00 | 467,097.00 | 589,123.00 | 1,056,220.00 | 109.34 |
| 425 | ДОГОВОРНИ УСЛУГИ | 8,701,812.00 | 6,520,200.00 | 15,222,012.00 | 3,899,566.00 | 4,999,885.00 | 8,899,451.00 | 58.46 |
| 426 | ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ | 400,000.00 | 50,000.00 | 450,000.00 | 20,510.00 | 0.00 | 20,510.00 | 4.56 |
| 463 | ТРАНСФЕРИ ДО НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ | 4,167,000.00 | 62,101,000.00 | 66,268,000.00 | 1,348,194.00 | 69,880,248.00 | 71,228,442.00 | 107.49 |
| | *ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ* | *19,842,812.00* | *70,447,428.00* | *90,290,240.00* | *11,421,504.00* | *78,687,107.00* | *90,108,611.00* | *99.80* |
| | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | | | |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА | 86,400.00 | 600,000.00 | 686,400.00 | 2,632,931.00 | 704,510.00 | 3,337,441.00 | 486.22 |
| 483 | КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА | 600,000.00 | 0.00 | 600,000.00 | 0.00 | 1,112,740.00 | 1,112,740.00 | 185.46 |
| 481 | ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ | 50,000.00 | 0.00 | 50,000.00 | 1,308,127.00 | 0.00 | 1,308,127.00 | 2,616.25 |
| | *ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ* | *736,400.00* | *600,000.00* | *1,336,400.00* | *3,941,058.00* | *1,817,250.00* | *5,758,308.00* | *430.88* |
| | ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 1,051,800.00 | 0.00 | 1,051,800.00 | 86,712.00 | 58,328,026.00 | 58,414,738.00 | 5,553.79 |
| | *ВКУПНО ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ* | *1,051,800.00* | *0.00* | *1,051,800.00* | *86,712.00* | *58,328,026.00* | *58,414,738.00* | *0.00* |
| | *ВКУПНО РАСХОДИ* | *35,165,524.00* | *72,054,916.00* | *107,220,440.00* | *24,826,481.00* | *141,954,822.00* | *166,781,303.00* | *155.55* |

*Служба за финансии и ревизија*
Жаклина Поповиќ

*Генерален Секретар*
д-р Саит Саити

| | | % |
|---|---|---|
| Трансфери во ООЦК | 69,880,248.00 | 41.90 |
| Трошоци за цетралата | 22,935,342.00 | 13.75 |
| Трошоци од централата за ООЦК | 73,965,713.00 | 44.35 |

# РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ ВО 2020







# РАСХОДИ ВО 2020






# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

Ние извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА" (во понатамошниот текст Организацијата), кои што го вклучуваат Билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година, како и на Билансот на приходи и расходи и Извештајот за промени во деловниот фонд за годината која завршува на тој ден и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки белешки.

Приложените финансиски извештаи за 2020 година се состојат од извештаите за редовното работење на Организацијата како и извештаите за проектите: Меѓународна Федерација на ЦК и ЦП, Кампања за ХИВ/СИДА; Австриски Црвен Крст-Психолошка прва помош и психо-социјална поддршка во итни состојби; Превземање акција на социјална инклузија на стари лица; Промоција на хумани вредности, Германски Црвен Крст, Конкурентност на пазар на труд и извештаите за четирите фонда: (1) Фонд за видливост, (2) Фонд за итен одговор при катастрофи,(3) Фонд за развој и 4) Фонд за солидарност; Превенција на ХИВ кај ЛИД; Креирање на можности за нови вработувања на жената, како и сметка за Донации по електронски пат и Средсва од Закон за ЦК. Проектите се финансирани од посебни донатори и истите се реализираат преку посебни (наменски) подсметки на Организацијата. За нив Организацијата не изготвува посебни финансиски извештаи.

***Одговорност на менаџментот за финансиските извештаи***

Менаџментот на Организацијата е одговорен за подготвување и објективно презентирање на овие финансиски извештаи во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа. Оваа одговорност вклучува: обликување, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали се резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

***Одговорност на ревизорот***

Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ревизијата ја спроведовме во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на финансиските извештаи, без разлика дали е резултат на измама и грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни со околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола.

Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

***Мислење на ревизорот***

Според нашето мислење, приложените финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ја прикажуваат реално и објективно во сите значајни аспекти, финансиската состојба на организацијата на ден 31 декември 2020, како и резултатите на нејзиното работење и промените во фондовите за годините кои завршуваат на тој ден, во согласност со Законот за сметководство на непрофитни организации и стандардите за финансиско известување на готовинска основа.

***Извештај за други правни и регулативни барања***

Менаџментот на Организацијата е исто така одговорен за подготвување на годишниот извештај за работата во согласност со Законот за здруженија и фондации. Наша одговорност во согласност со Законот за ревизија е да известиме дали годишниот извештај за работа е конзистентен со годишната сметка и финансиските извештаи за годината која завршува на 31 Декември 2020 година. Нашата работа во однос на годишниот извештај за работа е извршена во согласност со МСР 720 и е ограничена на известување дали историските финансиски информации прикажани во годишниот извештај за работата се конзистентни со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи.

Годишниот извештај за работата е конзистентен, од сите материјални аспекти, со годишната сметка и ревидираните финансиски извештаи на „ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“, Скопје за годината која завршува на 31 Декември 2020 година.

*Скопје, 04 март 2021 година*

Друштво за ревизија БДО ДОО Скопје

| Управител | Овластен ревизор |
|---|---|
| Драган Димитров | Звонко Кочовски |

www.ckrm.org.mk